1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fch 51

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф... ...ЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 4 ноември 1977

БЕЛГРАД

БРОЈ 53 ГОД. XXXIII

Цена на овој број е 20 динари. — 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756

696.

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ВЛОЖУВАЊА

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за задолжително евидентирање на инвестиционите вложувања, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1977 година.

ПР бр. 648
28 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Киро Глигоров, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ВЛОЖУВАЊА

Член 1

Законот за задолжително евидентирање на инвестиционите вложувања („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/75) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

697.

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАЈНИ ОБРТНИ СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за престанување на важењето на Законот за обезбедување на трајни обртни средства на организациите на здружениот труд, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1977 година.

ПР бр. 649
28 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател на
Собранието на СФРЈ
Киро Глигоров, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАЈНИ ОБРТНИ СРЕДСТВА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Законот за обезбедување на трајни обртни средства на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72, 40/73, 66/74, 13/76 и 58/76) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

698.

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ, ЕВИДЕНТИРАЊЕ И СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА РЕЗЕРВИТЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ЗА БИЛАНСОТ НА ТИЕ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за единствениот начин на утврдување, евидентирање и собирање на податоци за резервите на минерални суровини и подземни води и за билансот на тие резерви што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 28 октомври 1977 година.

ПР бр. 650
28 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Киро Глигоров, с. р.

ЗАКОН

ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ НАЧИН НА УТВРДУВАЊЕ, ЕВИДЕНТИРАЊЕ И СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА РЕЗЕРВИТЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ЗА БИЛАНСОТ НА ТИЕ РЕЗЕРВИ

I. Основни одредби

Член 1

Со овој закон се уредува единствениот начин на утврдување, евидентирање и собирање на податоци за резервите на минерални суровини и подземни води од интерес за целата земја, и изработката на биланси на тие резерви.

Член 2

Минерални суровини и подземни води за кои, во смисла на овој Закон, се утврдуваат, евидентираат и собираат податоци за резервите и се изработува биланс се:

1) сите видови јаглен;

2) гасовити, течни и цврсти јагленоводороди и други гасови;

3) радиоактивни минерални суровини;

4) метални минерални суровини;

5) неметални минерални суровини;

6) минерални суровини за добивање на градежен материјал.

Подземни води за кои се утврдуваат, евидентираат и собираат податоци и за кои се изработува биланс — се водите за пиење, минералните и термалните.

Член 3

Организациите на здружен труд што во рамките на своите дејности се занимаваат со истражување или експлоатација на минерални суровини односно подземни води се должни податоците за резервите на минерални суровини односно подземни води од член 2 на овој закон да ги утврдуваат и евидентираат на начинот определен со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон и тие податоци да ги доставуваат до надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина заради евидентирање и изработка на биланси.

Член 4

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, врз основа на податоците за резервите на минерални суровини и подземни води добиени од организациите на здружен труд, ќе изработува биланси за резервите на минерални суровини и подземни води во републиката односно во автономната покраина и ќе ги доставува тие биланси до Сојузниот геолошки завод заради изработка на биланс на вкупните резерви на минерални суровини и подземни води во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

II. Класификација и категоризација на резервите на минерални суровини и подземни води и водење евиденција за нив

Член 5

Резервите на минерални суровини се распоредуваат во билансни и вонбилансни резерви, зависно од можностите за нивна експлоатација.

Во билансни резерви на минерални суровини се распоредуваат утврдените маси на минерални суровини во лежиште што со постојната техника и технологија на експлоатација и преработка можат да се користат рентабилно.

Во вонбилансни резерви на минерални суровини се распоредуваат масите на минерални суровини во лежиште што со постојната техника и технологија на експлоатација и преработка не можат да се користат рентабилно.

Резервите на подземни води се распоредуваат само како билансни резерви.

Член 6

Според степенот на истраженоста и степенот на познавањето на квалитетот на суровините, утврдените маси на резерви на минерални суровини и подземни води се распоредуваат во категориите A, B, C_1, C_2, D_1 и D_2.

Во A категорија на резерви се распоредуваат масите на минерални суровини и подземни води што наполно се утврдени врз основа на непосредни забележувања, рударски работи или длабински дупчења и чии лежишни услови и квалитет за натамошна преработка, односно експлоатација се наполно определени.

Во B категорија на резерви се распоредуваат масите на минерални суровини и подземни води што се утврдени врз основа на непосредни забележувања, рударски работи или длабински дупчења и чии лежишни услови и квалитет за натамошна преработка, односно експлоатација се познати.

Во C_1 категорија на резерви се распоредуваат масите на минерални суровини и подземни води што се утврдени врз основа на непосредни забележувања, рударски работи или длабински дупчења што овозможуваат делумно определување на контурите на масите, лежишните услови и квалитетот.

Резервите на минерални суровини и подземни води од категориите C_2, D_1 и D_2 се сметаат како потенцијални и не се распоредуваат во класи (билансни и вонбилансни).

Со прописите што, врз основа на овластувањето од член 7 став 2 на овој закон, ќе се донесат за секој вид минерални суровини и подземни води ќе се утврдат условите за нивно распоредување во категориите A, B, C_1, C_2, D_1 и D_2.

Член 7

Податоците што го определуваат степенот на истраженоста на утврдените резерви на минерални суровини и подземни води (форма, количество и квалитет на резервите, познавање и подобност на нивните техничко-експлоатациони, технички и економски карактеристики) се утврдуваат врз основа на единствени критериуми за класификација и категоризација на резервите на минерални суровини и подземни води за водење евиденција за нив.

Прописи за класификација и категоризација на резервите на минерални суровини и подземни води (видови и густини на истражувачките работи, степен на дозволената екстраполација, квалитет на суровината и др.) и за водење евиденција за нив донесува за одделни видови минерални суровини и подземни води директорот на Сојузниот геолошки завод, по прибавено мислење од надлежните републички и покраински органи.

Член 8

Распоредување на резервите на минерални суровини и подземни води во класи и категории вршат организациите на здружен труд што се занимаваат со истражување или експлоатација на минерални суровини односно подземни води.

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина ги утврдува и заверува распоредените резерви на минерални суровини и подземни води врз основа на податоците и документацијата за распоредувањето на тие резерви, што организациите на здружен труд се должни да му ги

доставуваат, во постапката утврдена со прописите на републиката односно на автономната покраина.

Организациите на здружен труд што истражуваат или експлоатираат минерални суровини односно подземни води се должни, во роковите определени со прописи на републиката односно на автономната покраина, да доставуваат до надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина податоци и документација за распоредувањето на резервите на минерални суровини односно подземни води, заради утврдување и заверување на ова распоредување.

III. Изработка на биланс на резервите на минерални суровини и подземни води

Член 9

Организациите на здружен труд што, во рамките на своите дејности се занимаваат со истражување или експлоатација на минерални суровини односно подземни води се должни:

1) да формираат евиденција за резервите на минерални суровини односно подземни води и таа евиденција да ја водат според прописите за класификација и категоризација на резервите на минерални суровини и подземни води и за водење евиденција за нив (член 7 став 2), како и на крајот на секоја година да ја утврдат и евидентираат состојбата на резервите;

2) до 15 март во годината во која, според член 10 од овој закон, се изработува биланс на резервите на минерални суровини и подземни води, да достават до надлежниот орган во републиката односно автономната покраина податоци за резервите, определени со прописите за класификација и категоризација на резервите на минерални суровини и подземни води и за водење евиденција за нив, а според состојбата на резервите на 31 декември претходната година.

Член 10

Надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина е должен, врз основа на податоците за резервите на минерални суровини и подземни води, собрани во смисла на член 9 точка 2 од овој закон, да изработи биланс на резервите на минерални суровини и подземни води во републиката односно во автономната покраина и да ги достави до Сојузниот геолошки завод најдоцна до 30 јуни во годината во која се изработува билансот.

Биланс на вкупните резерви на минерални суровини и подземни води во Социјалистичка Федеративна Република Југославија се работи во петгодишни периоди.

Член 11

Сојузниот геолошки завод врз основа на билансите на резервите на минерални суровини и подземни води во републиките и во автономните покраини, до 1 декември тековната година составува биланс на вкупните резерви на минерални суровини и подземни води во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со соодветна анализа.

Билансот на вкупните резерви на минерални суровини и подземни води во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот геолошки завод го доставува до определени заинтересирани органи и организации на федерацијата и до надлежните органи на републиките односно на автономните покраини.

Сојузниот извршен совет ќе ги определи сојузните органи на управата и сојузните организации до кои Сојузниот геолошки завод го доставува билансот од став 2 на овој член.

Член 12

Билансот на резервите на минерални суровини и подземни води во републиката односно во автономната покраина ги опфаќа сите наоѓалишта на минерални суровини и подземни води од член 2 на овој закон на територијата на републиката односно на автономната покраина (наоѓалишта во експлоатација, наоѓалишта вон од експлоатација што не се исцрпени и наоѓалишта што се истражени, но уште не се експлоатираат), и за секој одделен вид на минерални суровини и подземни води ги искажува податоците кои се обезбедуваат со евиденцијата за резервите на минерални суровини и подземни води, и тоа:

1) назив на минералната суровина односно на подземната вода;

2) назив на наоѓалиштето (на истраженото простор односно на експлоатационото поле);

3) назив на организацијата на здружен труд која ги експлоатира или истражува наоѓалиштата;

4) количество на резервите во лежиштето по класи и категории од чл. 5 и 6 на овој закон;

5) процент на загубата при експлоатацијата;

6) количества на експлоатационите резерви на минерални суровини;

7) податоци за квалитетот на резервите (просечен хемиски состав, карактеристики на облагородувањето, гранулометриски состав, водоносност, гасоносност и содржина на слободен SiO_2);

8) други податоци од значење за минералната суровина односно за подземната вода.

Член 13

Податоците за резервите на минерални суровини и подземни води се државна тајна.

IV. Казнени одредби

Член 14

Со парична казна од 20.000 до 1,000.000 динари ќе се казни за стопански престап организација на здружен труд ако не води евиденција за резервите на минерални суровини односно на подземни води или не ја води на пропишаниот начин (член 9 точка 1).

За стопански престап од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд со парична казна од 3.000 до 30.000 динари.

Член 15

Со парична казна од 10.000 до 100.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружен труд:

1) ако до надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина во пропишаниот рок не достави податоци и документација заради утврдување и заверување на распоредените резерви на минерални суровини и подземни води (член 8 став 3);

2) ако до надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина не достави во пропишаниот рок податоци за изработка на биланс на резервите на минерални суровини и подземни води (член 9 точка 2).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд со парична казна од 2.000 до 20.000 динари.

Член 16

Со парична казна од 2.000 до 20.000 динари ќе се казни за прекршок одговорното лице во органот на општествено-политичката заедница ако во таа општествено-политичка заедница во пропишаниот рок не се изработи биланс на резервите на минерални суровини и подземни води или ако изработениот биланс во определен рок не го достави до Сојузниот геолошки завод (член 10 став 1).

V. Преодни и завршни одредби

Член 17

Првиот биланс на резервите на минерални суровини и подземни води во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе се изработи во 1979 година, според податоците за резервите на тие суровини и води на 31 декември 1978 година.

Член 18

Прописите од член 7 став 2 на овој закон ќе се донесат до 31 октомври 1978 година.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

699.

Врз основа на чл. 101, 106, 108, 109 и 127 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ" бр. 6/76), Сојузниот извршен совет, Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Словенија, Извршниот совет на Собранието на СР Србија, Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска, Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на САП Војводина и Извршниот совет на Собранието на САП Косово склучуваат

ДОГОВОР

ЗА ОСНОВИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

I. Општи одредби

Член 1

Тргнувајќи од до сега спроведеното самоуправно спогодување и договарање за основите на плановите на организациите на здружен труд и на другите самоуправни организации и заедници и од договарањето за основите на плановите на републиките и автономните покраини, учесниците на овој договор ги утврдуваат зеедничките интереси и цели што треба да се остварат во развојот на обоената металургија во периодот од 1976 до 1980 година, како и насоките и рамките за преземање мерки на економската политика и други мерки на органите на федерацијата, републиките и автономните покраини за остварување на тие интереси и цели.

Покрај мерките предвидени со овој договор, учесниците на овој договор се согласни дека, по потреба, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат и други мерки за остварување на овој договор.

II. Заеднички интереси, цели и политика на развој на обоената металургија

Член 2

Заеднички интереси на развојот на обоената металургија во смисла на член 1 од овој договор, се:

1) развој на капацитетите за производство на производи на обоената металургија, првенствено за задоволување на потребите на домашниот пазар и за извоз на вишокот на тие производи, во согласност со самоуправните спогодби на организациите на здружен труд во тоа производство;

2) усогласен развој на капацитетите, на рационалното и оптималното производство и на потрошувачката на производи на обоената металургија со вкупниот општествен и стопански развој на републиките и автономните покраини, а со тоа и на стопанството на Југославија како целост;

3) постојано и рационално снабдување на домашниот пазар со производи на обоената металургија, под конкурентни услови, со усогласен и синхронизиран развој на капацитетите на екстрактивниот дел со преработувачкиот дел на обоената металургија;

4) оптимално користење на производствените капацитети заради одржување и проширување на достигнатото ниво на производството, користејќи при тоа првенствено домашни ресурси, а потоа увоз на дефицитарни суровини.

Член 3

Заеднички цели на развојот на обоената металургија, во смисла на член 1 од овој договор, се:

1) остварување на барањата и потребите на безбедноста на земјата;

2) обезбедување услови за завршување на изградбата на започнатите и на нови капацитети на екстрактивниот дел од обоената металургија со кои ќе се осигури економично и рационално производство;

3) долгорочно обезбедување услови за производство, а особено за стабилно и рационално користење на изворите на електрична и друга енергија;

4) комплексно и економично користење на придружните корисни компоненти од полиметалните руди;

5) интензивно истражување и рационално користење на рудните резерви.

Член 4

Во политиката на развојот на обоената металургија се тргнува од тоа:

1) дека основни носители на активноста за остварување на договорениот развој на обоената металургија се непосредно заинтересираните организации на здружен труд;

2) дека за развој на обоената металургија се заинтересирани бројни други организации на здружен труд чија работа зависи од производството на обоени метали;

3) дека за развој на обоената металургија се заинтересирани федерацијата, републиките, автономните покраини и општините;

4) дека договорениот развој на обоената металургија може ефикасно да се обезбеди само со меѓусебна поврзаност и усогласеност на мерките на сите носители на соодветни активности.

Политиката на развојот на обоената металургија тргнува од единственоста на стопанскиот систем, со тоа што заедничките интереси и цели во нејзиниот развој да се остваруваат:

1) со меѓусебни односи на организациите на здружен труд;

2) со зголемување на вкупниот општествен доход;

3) со поттикнувачки мерки на економската политика и со други мерки;

4) со вложување во развојот на капацитетите кои се усогласени со оценетата потрошувачка;

5) со постојан и стабилен растеж на личниот и општествениот стандард на работниците и со постојано унапредување на условите на трудот;

6) со зголемен удел на производи од повисок степен на преработка во извозот заради подобрување на платниот биланс на Југославија;

7) со организирано собирање и рационална преработка на секундарни суровини;

8) со примена на современа техника, технологија и организација на работата заради поголема продуктивност на трудот и доходот;

9) со долгорочно здружување на трудот и средствата на производителите, преработувачите и потрошувачите на обоени метали;

10) со обезбедување што поголемо ангажирање на домашната машиноградба во опремувањето и изградбата на капацитети, при конкурентни услови;

11) со постојано развивање и унапредување на самоуправувањето во основните и во другите организации на здружен труд, како и со развивање на други форми на самоуправно поврзување и здружување на труд и средства;

12) со користење на капацитетите на обоената металургија под услови со кои се обезбедува заштита на човековата средина;

13) со долгорочна соработка со земјите во развој заради користење на суровини и производи на обоената металургија, како и со соработка со развиените земји заради изнаоѓање на оптимални техничко-технолошки достигања.

Член 5

За остварување на заедничките интереси и цели во развојот на обоената металургија, учесниците на овој договор оценуваат дека е потребно да се достигне просечна стапка на растеж на производството од 11% во периодот од 1976 до 1980 година, а за приоритетните производи (боксит, глиница, алуминиум, бакар, олово, цинк и никел) — стапката на растеж од член 8 на овој договор.

Член 6

Заради остварување на проценетата стапка на растеж и на заедничките интереси и цели во развојот на обоената металургија, учесниците на овој договор се согласни, во рамките на развојот на обоената металургија во периодот од 1976 до 1980 година, да имаат приоритет:

1) алиминиумот (рудници за боксит, фабрики за глиница и електролиза на алуминиум);

2) бакарот (рудници, флотации и топилници);

3) оловото и цинкот (рудници и флотации, топилници и електролиза);

4) никелот (рудници и топилници).

Член 7

Учесниците на овој договор оценуваат дека заради оптимализација на постојните капацитети е треба да се тргнува од следните критериуми:

1) максимално, рационално и економично користење на домашните ресурси заради стабилно обезбедување на домашните преработувачки капацитети и за супституција на увозот;

2) постигање на технолошка и економска оптимализација на капацитетите;

3) изградба на нови металуршки капацитети од член 6 на овој договор (електролиза и топилници), првенствено врз база на домашни суровини;

4) оптимални микролокации на капацитетите во однос на изворите на суровини, енергија и на други релевантни фактори;

5) релативно поповолни специфични вложувања;

6) изградба на нови капацитети, при претходно долгорочно обезбедување на потребна електрична енергија и на други извори на енергија;

7) користење на вкупните капацитети, со тоа што, да се воспостават такви односи на цените на електричната енергија кои постојат кај најважните производители на обоени метали во светот, особено на алуминиумот, во согласност со политиката на цените;

8) поголема општествена ефикасност на вложувањата.

III. Развој на производството и потрошувачката

Член 8

Учесниците на овој договор проценуваат дека потребите на Југославија во периодот од 1976 до 1980 година од производи на обоената металургија се следните:

— во илјади тони —

	Производство			Потрошувачка			Извоз
	во 1975 година	во 1980 година	Стапка	во 1975 година	во 1980 година	Стапка	во 1980 година
Боксит	2.306	3.920	11,2	1.200	4.160	28,3	1.980
Глиница	292	1.620	40,9	381	730	13,9	890
Алуминиум	168	365	16,8	120	200	10,8	165
Бакар	137	185	6,2	131	180	6,6	5
— од домашни суровини	100	134	—	—	—	—	—
— од увозни суровини	37	51	—	—	—	—	—
Олово	126	239	13,7	75	110	7,9	129
— од домашни суровини	107	225	—	—	—	—	—
— од увозни суровини	19	14	—	—	—	—	—
Цинк	101	174	11,5	63	90	7,5	84
— од домашни суровини	70	154	—	—	—	—	—
— од увозни суровини	31	20	—	—	—	—	—
Никел (во фероникел)	—	12	—	1,5	5	27,2	7

Учесниците на овој договор проценуваат дека на Југославија ѝ се потребни 6.130 илјади тони боксит. Со оглед на тоа дека производството на боксит, прикажано во табелата од став 1 на овој член не ги задоволува домашните потреби и обврските во врска со увозот, учесниците на овој договор се согласни дека можат да се обезбедат потребните количества на боксит од домашните рударски капацитети и во таа смисла, во рамките на своите надлежности, ќе донесуваат мерки со кои ќе ги поттикнуваат организациите на здружен труд да здружуваат средства заради заедничко вложување врз доходовни односи за зголемувањето на капацитетите на рудниците за боксит, заради задоволување на домашните потреби на корисниците на руда, боксит и на обврските во извозот. Ако на тој начин не се обезбеди потребното количество на боксит, ориентацијата ќе биде кон увоз од земјите во развој.

Член 9

Врз основа на самоуправните спогодби на самоуправните организации и заедници и договорите за основите на плановите на републиките и автономните покраини, републиките и автономните покраини ќе создаваат услови за изградба на следните капацитети, кои ќе ја овозможат реализацијата на напредутврдените интереси и цели во оваа дејност:

— во илјади тони —

Капацитети	СР Босна и Херцеговина	СР Македонија	СР Словенија	СР Србија, без автономните покраини	САП Војводина	САП Косово	СР Хрватска	СР Црна Гора	Вкупно нови капацитети	Вкупно капацитети во 1980 година
Рудници за боксит	1.000	—	—	—	—	—	380	320	1.700	4.220
Глиница	600	—	30	—	—	—	300	80	1.010	1.620
Електролиза на алуминиум	85	—	30	—	—	—	35	50	200	375
Рудници за бакар	—	3.800	—	3.500	—	—	—	—	7.300	22.300
Металуршки капацитети на бакар	—	—	—	30	—	—	—	—	30	190
Рудници за олово и цинк	500	440	—	210	—	1.380	—	70	2.600	7.100
Металуршки капацитети на олово	—	—	—	—	—	70	—	—	—	239
Металуршки капацитети на цинк	—	—	—	10	—	60	—	—	70	210
Рудници за никел	—	2.000	—	—	—	1.000	—	—	3.000	3.000
Топилници на никел	—	18	—	—	—	12	—	—	30	30

IV. Финансирање на развојот на обоената металургија

Член 10

Учесниците на овој договор оценуваат дека за изградба на капацитетите од член 9 на овој договор, со кои ќе се оствари производство до нивото утврдено во член 8 од овој договор, треба ориентационо да се вложат во основни средства околу 24,43 милијарди динари, по цените од 1975 година.

Член 11

Учесниците на овој договор оценуваат дека средствата за изградба на капацитетите предвидени во член 10 од овој договор, ќе се обезбедуваат:

1) од сопствените средства на организациите на здружен труд кои изградуваат капацитети;

2) со здружување на средствата на деловните банки;

3) од странски заеми и кредити.

Член 12

Учесниците на овој договор се обврзуваат дека до 30 јуни 1977 година, врз принципите од овој договор, ќе склучат договор со кој ќе се утврдат континуитетот на изградбата, изворите и обемот на потребните средства.

V. Мерки на економската политика и други мерки

Член 13

Учесниците на овој договор се согласни со својата активност, во согласност со важечките закони и со политиката на економскиот и социјалниот развој на Југославија, да го насочуваат и поттикнуваат:

1) јакнењето на акумулативната и репродуктивната способност на организациите на здружен труд во обоената металургија;

2) создавањето услови за побрзо здружување на труд и средства и поволни услови за финансирање на развојот на обоената металургија.

Учесниците на овој договор со своите мерки на економската политика ќе придонесат кон создавањето услови за меѓусебно долгорочно поврзување на производителите и потрошувачите, ќе ги здружуваат своите средства заради остварување на договорените програми врз економски оправдани основи и ќе се договараат за другите заеднички интереси.

Член 14

Со мерки на федерацијата за поттикнување на договорениот развој, на дејностите од посебно значење за реализација на договорената политика на вкупниот развој на земјата, во обоената металургија ќе се поттикнува развојот до капацитетите на производството од член 9 на овој договор и на производството од член 8 на овој договор.

Член 15

Учесниците на овој договор со мерки во рамките на своите надлежности ќе иницираат и ќе го поттикнуваат здружувањето на труд и средства за договорениот развој на обоената металургија, со тоа што и со самоуправните спогодби на организациите на здружен труд, во рамките на деловните банки и на други финансиски институции, дел од средствата на кредитниот потенцијал на банките да се насочува во инвестиции за тој развој.

Член 16

Републиките и автономните покраини се согласни органите на федерацијата, во рамките на своите права и обврски, да обезбедат царински контингенти за увоз на специфична опрема во согласност со критериумите што, согласно со целите на тековната економска политика, ги утврдува Сојузниот извршен совет според член 49 од Царинскиот закон, врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи.

Со царински контингенти, во смисла на став 1 од овој член, ќе се опфати увозот на специфична опрема само за производството и капацитетите кои се опфатени со овој договор, со тоа што бенифициите ќе се однесуваат само на специфичната опрема која не се произведува во доволни количества во Југославија, врз основа на посебна самоуправна спогодба помеѓу домашните производители и корисници.

Обемот и условите на увозот на специфична опрема од став 2 на овој член ќе се усогласуваат со платнобилансните можности на Југославија и платнобилансните можности на републиките и автономните покраини.

Член 17

Организациите на здружен труд, врз основа на овој договор и под условот предвиден во член 18 од овој договор, ќе го реализираат увозот на опре-

ма врз основа на прописите со кои се уредуваат девизното работење и кредитните односи со странство.

Учесниците на овој договор се согласни увозниците на опрема за извршување на целите и задачите од овој договор да обезбедат и обврска на странските испорачувачи на опрема во износите што ќе се утврдуваат при склучувањето на договори за увоз на опрема, да предвидат определен обем на увозот на југословенски стоки и услуги. Тоа би бил и услов за користење на погодностите предвидени со овој договор.

Извозот на стоките од став 2 на овој член, а по потреба и на други стоки, ќе се утврдува спогодбено помеѓу домашните инвеститори и производители на опрема.

Член 18

Во рамките на девизниот и платниот биланс на Југославија, како и на платнобилансната положба на републиките и автономните покраини, во согласност со системот на кредитните односи со странство, учесниците на овој договор ќе обезбедат приоритет во користењето на странските кредити за изградба на соодветните капацитети од член 9 на овој договор.

Покрај царините и другите увозни давачки, развојот на ова производство ќе се штити и со други мерки во системот на економски односи со странство.

Член 19

Учесниците на овој договор се согласни, во согласност со ситемот и со политиката на развојот на Југославија, да поттикнуваат односно да преземаат мерки заинтересираните организации на здружен труд да склучат самоуправни спогодби со кои ќе ги уредат прашањата за здружување на труд и средства, за цените на производите и за другите услови на размена, за оптимално користење на домашната машиноградба под конкурентни услови во изградбата на договорените капацитети, како и други прашања чие решавање е неопходно заради остварување на заедничките цели и интереси утврдени со овој договор.

Учесниците на овој договор се согласни дека погодностите предвидени со овој договор можат да ги користат само оние организации на здружен труд кои ќе склучат самоуправни спогодби што се предвидени со овој договор, како и други самоуправни спогодби што се склучуваат заради спроведување на овој договор.

Член 20

Републиките и автономните покраини се согласни со мерки на економската политика и со други мерки, во рамките на своите права и обврски, да ја поттикнуваат изградбата на капацитетите од член 9 на овој договор.

Член 21

Учесниците на овој договор ќе иницираат заинтересираните организации на здружен труд, производителите и потрошувачите на производи на обоената металургија да склучат самоуправни спогодби за регулирање на меѓусебните односи и на условите за снабдување со производи на обоената металургија и за партиципација за геолошки истражувања и за изградба и реконструкција на рудници.

Член 22

Учесниците на овој договор ќе настојуваат при изградбата на нови капацитети, при реконструкциите и работата на постојните капацитети да се применуваат мерки за зачувување и развој на природните и со труд создадените вредности на човековата средина и за спречување загадување на воздухот, почвата, водата, морето и др.

Член 23

Учесниците на овој договор се обврзуваат дека ќе организираат следење на остварувањето на заедничките интереси и цели утврдени со овој договор, како и тоа дека меѓусебно ќе се известуваат за состојбата и проблемите во спроведувањето на овој договор.

VI. Други одредби

Член 24

Секој учесник на овој договор може да даде иницијатива за повторно разгледување на прашањата и односите што се предмет на овој договор, како и за негова измена.

Член 25

Овој договор влегува во сила кога ќе го потврдат Собранието на СФРЈ, собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 26

Овој договор го потпишаа претставници на Сојузниот извршен совет, на извршните совети на собранијата на републиките и на извршните совети на собранијата на автономните покраини, во соодветен број идентични примероци, кои се сметаат како автентични текстови.

Член 27

Овој договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

За Сојузниот извршен совет,
Душан Илиевиќ, с. р.
член на Сојузниот извршен совет и претседател на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина,
инж. **Владимир Мијатовиќ**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за стопанство

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
инж. **Стојан Маткалиев**, с. р.
член на Извршниот совет и републички секретар за индустрија и трговија

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија,
Андреја Миклавчич, с. р.
заменик — републички секретар за индустрија

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија
Миливое Стојковиќ, с. р.
републички секретар за пазар и цени

За Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска,
инж. **Иво Баутовиќ**, с. р.
републички секретар за енергетика, индустрија и занаетчиство

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора,
Илија Чуљковиќ, с. р.
републички секретар за стопанство

За Извршниот совет на Собранието
на САП Војводина,
Бошко Тодоровиќ, с. р.
член на Извршниот совет и покраински секретар за стопанство

За Извршниот совет на Собранието
на САП Косово,
Петар Костиќ, с. р.
член на Извршниот совет и покраински секретар за стопанство

Врз основа на член 286 став 2 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 109 став 1 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија и согласноста на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 октомври 1977 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОБОЕНАТА МЕТАЛУРГИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

1. Се потврдува Договорот за основите на општествениот план на Југославија за развој на обоената металургија во периодот од 1976 до 1980 година, што го склучија Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, и го потврдија собранијата на сите републики и автономни покраини.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 546
28 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Киро Глигоров, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините
Зоран Полич, с. р.

700.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, а во согласност со Резолуцијата за заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/75), Сојузниот извршен совет, Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Словенија, Извршниот совет на Собранието на СР Србија, Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска, Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на САП Војводина, Извршниот совет на Собранието на САП Косово и Заедницата на Југословенските железници, од името на здружените железнички транспортни организации на здружен труд и врз основа на овластувањата добиени од нив, склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ЕКОНОМСКИТЕ И ДРУГИТЕ МЕРКИ СО КОИ ЌЕ ИМ СЕ ОБЕЗБЕДАТ НА ЖЕЛЕЗНИЦИТЕ НОРМАЛНИ УСЛОВИ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ

Член 1

Учесниците на овој општествен договор (во натамошниот текст: договор) се согласни дека, заради обезбедување нормални услови за стопанисување, соодветна положба на организациите на здружен труд во областа на железничкиот сообраќај на транспортниот пазар и приспособување на стопанисувањето во оваа гранка на сообраќајот врз доходовните принципи, треба да се преземат следните мерки:

1) да се покријат загубите на организациите на здружен труд во областа на железничкиот сообраќај според завршната сметка за 1976 година;

2) да се испита можноста кредитите одобрени за покритие на загубите на железничките транспортни организации на здружен труд од поранешните години да се претворат во кредити под поповолни услови;

3) да се усогласат цените во железничкиот стоковен сообраќај со договорената политика на цените во тековната година;

4) да се обезбеди учество на самоуправните интересни заедници за железнички сообраќај односно на републиките и автономните покраини во покривањето на дел од трошоците за репродукција;

5) да им се обезбедат на организациите на здружен труд во областа на железничкиот сообраќај обртни средства потребни за тековна репродукција;

6) да се обезбедат средства потребни за кредитирање на набавката на железничка опрема во Југославија;

7) со мерки на сообраќајната политика да му се обезбеди на железничкиот сообраќај соодветно место на транспортниот пазар.

Член 2

Извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини ќе им предложат на собранијата на републиките односно на собранијата на автономните покраини итно да донесат соодветни одлуки за покритие на загубите што според завршната сметка за 1976 година ги имаа организациите на здружен труд во областа на железничкиот сообраќај, како и по основ на тие одлуки да се обезбедат потребни средства.

Член 3

Извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини се обврзуваат дека, во границите на своите овластувања, ќе вложат напори и ќе најдат можност, при донесувањето на санационите програми за 1976 година, кредитите одобрени на железничките транспортни организации на здружен труд од поранешните години да се претворат во кредити под поповолни кредитни услови.

Член 4

Учесниците на овој договор се согласни дека важечкиот општествен договор за условите на формирањето и за критериумите за утврдување на цените за превоз во железничкиот стоковен сообраќај и за односите помеѓу железницата и корисниците на железнички услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/74) треба да се усогласи со прописите за општествената контрола на цените и со овој договор и при тоа усогласување да се разгледа можноста за диференцирање на тарифите за определени тарифни разреди и видови стоки што се превезуваат, во согласност со самоуправните интересни заедници за железнички сообраќај.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, до усогласувањето на општествениот договор од тој став учесниците на овој договор се согласни дека цените во 1977 година во железничкиот стоковен сообраќај треба да се формираат во согласност со договорената политика на цените за 1977 година и со мерките од овој договор.

Член 5

Учесниците на овој договор се согласни дека републиките и автономните покраини на железничките транспортни организации на здружен труд треба бесповратно да им го компензираат делот на трошоците за репродукција (делот на цената), зависно од обемот на работата изразен во редуцирани тонски километри, од квалитетот на превозните услуги и од подобрувањето на организацијата на превозот.

Височината на компензацијата ќе се утврди за стартната 1976 година, освен за Железничката транспортна организација на здружен труд во СР Црна Гора, со валоризација на основните елементи на трошоците за репродукција во наредните години.

Компензацијата се утврдува во тековната година за наредната година. Компензацијата влегува во вкупниот приход на железничките транспортни организации на здружен труд.

Височината и динамиката на обезбедување на средствата треба да ги утврди надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, на предлог од железничката транспортна организација на здружен труд.

Општествено-политичката заедница, ако постигне согласност со самоуправната интересна заедница, може правата и обврските од овој член да ги пренесе на таа самоуправна интересна заедница.

Член 6

Учесниците на овој договор се согласни железничките транспортни организации на здружен труд да не плаќаат данок на промет за дизел-горивото што го користат за погон на шински возила.

Член 7

Извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини се обврзуваат дека ќе преземат потребни мерки надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, заедно со железничката транспортна организација на здружен труд, да ги утврди нерентабилните пруги, во согласност со заеднички договорената методологија на Југословенските железници и, дека во границите на своите овластувања, ќе настојуваат на споменатите организации на здружен труд да им се надомести разликата помеѓу трошоците за вршење на сообраќајот и приходите од тој сообраќај, ако тие трошоци не се опфатени со член 5 од овој договор.

Член 8

Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини и натаму, во согласност со своите овластувања и со кредитно-монетарната политика, од примарната емисија на Народната банка на Југославија ќе им ги обезбедуваат на железничките транспортни организации на здружен труд обртните средства што недостигаат.

Член 9

Учесниците на овој договор се согласни дека со мерки на кредитно-монетарната политика и во согласност со Договорот за кредитирање на пласманот на опрема и бродови во земјата во периодот од 1977 до 1980 година ќе им обезбедат на железничко-транспортните организации на здружен труд финансиски средства потребни заради набавка на железничка опрема од домашно производство (локомотиви, вагони и др.).

Републиките и автономните покраини се обврзуваат дека од своите квоти на странски финансиски кредити ќе им даваат на железничките транспортни организации на здружен труд дел од финансиските кредити без обврска за полагање депозит.

Член 10

Учесниците на овој договор се согласни, согласно со член 82 на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, на железничките транспортни организации да им се обезбеди стимулација за транзитните превози до височината на стимулацијата која се признава во извозот на финални производи од висок степен на обработка.

Член 11

Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини во текот на 1977 година со договор ќе ја дефинираат сообраќајната политика и ќе им предложат на своите собранија да ја усвојат.

Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, во границите на своите овластувања, ќе им предложат на своите собранија, односно ќе донесат системски мерки со кои треба да се обезбеди соодветната положба на железницата на транспортниот пазар од становиште на општествена рационалност на превозот, во согласност со договорот од став 1 на овој член.

Член 12

Железничките транспортни организации на здружен труд, здружени во Заедницата на југословенските железници, со Акционата програма ќе преземаат интерни мерки за зголемување на обемот и за подобрување на квалитетот на превозот на југословенските железници.

Член 13

Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, во границите на своите овластувања, ќе настојуваат да се разрешат економските односи помеѓу железничките транспортни организации на здружен труд.

Член 14

Учесниците на овој договор се согласни дека мерките предвидени со овој договор ќе важат за времето на важењето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/76).

Член 15

Железничките транспортни организации на здружен труд, Заедницата на југословенските железници и органите на управата надлежни за работите на сообраќајот и врските во федерацијата, во републиките и автономните покраини редовно ќе ги информираат учесниците на овој договор за спроведување на целите, задачите и мерилата од овој договор.

Член 16

Секој учесник на овој договор може да даде иницијатива за повторно разгледување на прашањата и односите што се предмет на овој договор, како и за негова измена, која се врши на начин и по постапка според кои е склучен овој договор.

Член 17

Овој договор е потпишан во десет идентични примероци кои се сметаат како автентични текстови.

Член 18

Овој договор се смета како склучен кога ќе го потврдат Собранието на СФРЈ, собранијата на републиките и собранијата на автономните покраини.

Член 19

Овој договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

За Сојузниот извршен совет,
Божидар Димитриевиќ, с. р.
член на Советот и претседател на Сојузниот комитет за сообраќај и врски

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина,
Кемал Халиловиќ, с. р.
член на Советот и републички секретар за сообраќај и врски

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
Михајло Стефановски, с. р.
заменик-републички секретар за сообраќај и врски

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија,
Ливиј Јакомин, с. р.
член на Советот и претседател на Републичкиот комитет за сообраќај и врски

За Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска,
Никола Грил, с. р.
член на Советот и републички секретар за поморство, сообраќај и врски

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија,
Милорад Јовановиќ, с. р.
член на Извршниот совет

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора,
Илија Чуљковиќ, с. р.
член на Советот и републички секретар за стопанство

За Извршниот совет на Собранието на САП Војводина,
Герхард Бурбах, с. р.
член на Советот и покраински секретар за сообраќај и врски

За Извршниот совет на Собранието на САП Косово,
Петар Костиќ, с. р.
член на Советот и покраински секретар за стопанство

За Заедницата на Југословенските железници,
Никола Филиповиќ, с. р.
генерален директор

Врз основа на член 286 став 2 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 109 став 1 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија и согласноста на собранијата на републиките и на собранијата на автономните покраини, Собранието на СФРЈ на седницата на Соборот на републиките и покраините од 28 октомври 1977 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЕКОНОМСКИТЕ И ДРУГИТЕ МЕРКИ СО КОИ ЌЕ ИМ СЕ ОБЕЗБЕДАТ НА ЖЕЛЕЗНИЦИТЕ НОРМАЛНИ УСЛОВИ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ

1. Се потврдува Општествениот договор за економските и другите мерки со кои ќе им се обезбедат на железниците нормални услови за стопанисување, што го склучија Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, и го потврдија собранијата на сите републики и автономни покраини.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 547
28 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Киро Глигоров, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Зоран Полич, с. р.

701.

Врз основа на член 347 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОТВОРАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛАТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

1. Се отвора Генерален конзулат на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Турција, со седиште во Измир.

2. Сојузниот секретар за надворешни работи ќе ги преземе мерките потребни за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 841
21 септември 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

702.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЛУЖИ ЗА ПРЕТОВАР ВО ЛИНИСКИОТ, КОНТЕЈНЕРСКИОТ И МАСОВНИОТ ПРЕВОЗ ВО ПРИСТАНИШТА И ЛУКИ

1. На увозот на производите од долунаведените тарифни броеви, односно ставови на Царинската тарифа — специфична опрема што служи за претовар во линискиот, контејнерскиот и масовниот превоз во пристаништа и луки, царина ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа, односно Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 40%:

Тарифен број	Наименување
1	2
84.22/3а	Кранови до 50 t носивост Ex. — Контејнерски лучки дигалки со уреди (спредер) за зафаќање, подигање и манипулација со контејнери, со носивост од 30 до 50 t, со прибор — Портални лучки дигалки за работа со кука и грабалка, со носивост над 7 t, на дофат од 30 m, со прибор — Лучки претоварни мостови за растурени товари со зафатни уреди, со работна должина над 80 m и со дофат спрема морето над 30 m, со капацитет над 250 t/h, со прибор
84.22/5г	Дигалки, самостојни, подвижни Ex. Самоодни дигалки на пневматици, за работа во лука, со носивост од 12 до 15 t, со телескопска стрелка над 20 m
87.02/3ѓ	Други моторни возила за превоз на стоки или материјали Ex. Моторни возила за комбиниран превоз на стоки по пат и по шини во луки
87.03/6	Камиони-дигалки Ex. Камиони-дигалки со телескопска стрелка над 20 m
87.07/1	Комплетни возила со сопствен погон Ex. — Виљушкари со спредер за манипулација со контејнери со носивост над 30 t, со прибор — Виљушкари за истовар, натовар и манипулација со товар, со носивост до 6 t

2. Ова решение ќе се применува на увозот што ќе се изврши од 1 јануари до 31 декември 1977 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 839
27 октомври 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

703.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА ЛОКОМОТИВИ, ВАГОНИ И ЕЛЕКТРОМОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ

1. На увозот на локомотиви, вагони и електромоторни возови од долунаведените тарифни броеви, односно ставови од Царинската тарифа, што се врши за потребите на Југословенските железници, царината ќе се пресметува по стапка од 5%. На така пресметаниот износ му се додава износот што претставува разлика помеѓу царината пресметана по стапките пропишани во Царинската тарифа, односно во Решението за одредување на пониски царински стапки на увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/73, 45/73 и 61/75) и царината пресметана по стапка од 5%, намален за 50%:

Тарифен број	Наименување
1	2
86.02/3	Електрични локомотиви со напојување од еден систем Ex. — 38 електрични локомотиви, шестоосни, за монофазен систем, со делови за почетна експлоатација на тие локомотиви до вредноста од 10% од вредноста на самите локомотиви — 15 електрични локомотиви, шестоосни, за еднонасочен систем, со делови за почетна експлоатација на тие локомотиви до вредноста од 10% од вредноста на самите локомотиви
86.03/1	Дизел електрични локомотиви Ex. 20 дизел електрични локомотиви, некомплетни — во раставена состојба, со делови за почетна експлоатација на тие локомотиви до вредноста од 10% на самите локомотиви
86.03/2	Дизел хидраулични и други дизел локомотиви, освен оние од точка 1 на овој тарифен број Ex. 30 дизел хидраулични локомотиви, некомплетни — во раставена состојба, со делови за почетна експлоатација на тие локомотиви до вредноста од 10% од вредноста на самите локомотиви

1	2
86.04/1	Моторни возови, патнички Ex. — 18 гарнитури електромоторни возови, со делови за почетна експлоатација на тие возови до вредноста од 10% од вредноста на самите возови — 10 гарнитури дизел моторни возови со делови за почетна експлоатација на тие возови до вредноста од 10% од вредноста на самите возови
86.07/1s-2	Други отворени железнички вагони Ex. 110 товарни отворени железнички вагони

Забелешка:

Намалувањето на царината на увозот на делови за почетна експлоатација на локомотивите и моторните возови ќе се врши без оглед дали тие делови се распоредуваат во тарифните броеви опфатени со ова решение или во други тарифни броеви на Царинската тарифа.

2. Намалувањето на царината од точка 1 на ова решение ќе се примени и на увозот на делови за почетна експлоатација за 230 локомотиви што за потребите на Југословенските железници се увезуваат според договорот бр. 281 од 10 јуни 1966 година.

3. Ова решение ќе се применува на увозот што се врши од 1 јануари до 31 декември 1977 година.

4. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 840
27 октомври 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

704.

Врз основа на член 49 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦАРИНАТА НА УВОЗОТ НА СПЕЦИФИЧНАТА ОПРЕМА ШТО СЕ КОРИСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ И ПРЕНОСНИ ОБЈЕКТИ И ДИСПЕЧЕРСКИ ЦЕНТРИ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО

1. Во Решението за намалување на царината на увозот на специфичната опрема што се користи за изградба на електроенергетски производствени и преносни објекти и диспечерски центри на Заедницата на југословенското електростопанство („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/75, 48/75, 61/75, 30/76 и 5/77) во точка 1 во тар. број 85.15/3д во наименувањето под Ex. зборот: „над" се заменува со зборот: „до".

2. Ова решение ќе се применува на увозот што се врши во 1977 година.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 838
27 октомври 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

705.

Врз основа на член 48 ст. 1 и 3 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77) сојузниот секретар за народна одбрана донесува

НАРЕДБА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА ВООРУЖУВАЊЕ И ВОЕНА ОПРЕМА ЗА ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е ПОТРЕБНО ОДОБРЕНИЕ ОД СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. Како предмети на вооружување и воена опрема се сметаат:

1) вооружување од сите видови (пиштоли, пушки, автомати, митролези, пушкомитролези, рачни фрлачи, минофрлачи, топови, хаубици и др.) и муниција за тоа вооружување, освен ловечко и спортско оружје и муниција;

2) ракети од сите видови и уреди за лансирање и наведување, освен за одбрана од град и за огномет;

3) сите видови бомби, торпеда, мини и распрснувачки уреди;

4) барути, експлозиви од сите видови и средства за палење, освен ловечки барут и рударски експлозив;

5) средства за противнуклеарна, противхемиска и противбиолошка заштита, средства за детекција, дозиметрија и идентификација и средства и материи за деконтаминација, што се наменети за воени потреби;

6) сите видови возила што се наменети за воени потреби (борбени, неборбени и други специјални моторни возила), освен патнички;

7) уреди и инструменти за воздушно, површинско и подводно набљудување, идентификација и легитимирање, за ориентација и навигација, за управување и водење, радари, ІС уреди, ласери и нишански справи, што се конструирани и произведени за воени потреби;

8) воздухоплови, хеликоптери, едрилици и лебделици од сите видови, и нивна опрема, падобрани и падобранска десантна опрема, што се наменети за воени потреби;

9) сите видови воени бродови и други борбени пловни објекти, бродови за помошна намена и нивна специфична опрема наменета за воени потреби;

10) висечки, монтажни и лансирни мостови, понтонски паркови и пловни објекти, извидувачки и десантни чамци, што се наменети за воени потреби;

11) опрема и средства за минирање и разминирање, за маскирање и камуфлажа, што се наменети за воени потреби;

12) сите средства на воената техника за врски, криптозаштита, противелектронско обезбедување, радио и радиотехничко извидување (командување) и безбедност, што се наменети за воени потреби;

13) сите видови опрема и прибор, делови, склопови и потсклопови што обезбедуваат наменска функција на средствата од одредбите под 1 до 12 од оваа точка;

14) материјални права по основ на технологијата (патенти, лиценци, модели, Know-how и др.), вклучувајќи ја и техничката, ремонтната и лиценцната документација за средствата и опремата од одредбите под 1 до 13 од оваа точка;

15) сите видови друга опрема, што е произведена според југословенскиот армиски стандард и не се наоѓа во слободен промет во Југославија.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Решението за определување предмети на вооружување и воена опрема („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/66).

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. в. п. бр. 47
12 октомври 1977 година
Белград

Сојузен секретар
за народна одбрана
генерал на армија,
Никола Љубичиќ, с. р.

706.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства на масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE PRESSE"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Die Presse", број 8860 од 5 октомври 1977 година, што излегува на германски јазик во Виена, Австрија.

Бр. 650-1-2/369
12 октомври 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

707.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства на масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KURIER"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Kurier", број 274 од 5 октомври 1977 година, што излегува на германски јазик во Виена, Австрија.

Бр. 650-1-2/361
13 октомври 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

708.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства на масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи, донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „AZ"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „AZ" број 274 од 5 октомври 1977 година што излегува на германски јазик во Виена, Австрија.

Бр. 650-1-2/360
13 октомври 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
Драшко Јуришиќ, с. р.

709.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ ШТО МОРААТ ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ КАРАНТИНСКИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ПРОВЕРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА РАСТЕНИЈАТА

I. Општи одредби

Член 1

Карантинските објекти во кои се врши проверување на здравствената состојба на растенијата мораат да ги исполнуваат условите пропишани со овој правилник.

Објектите од став 1 на овој член можат да бидат:

1) карантински расадници;

2) карантински парцели и карантински полиња;

3) карантински стакленици и карантински изолации.

Член 2

Карантинските објекти од член 1 на овој правилник можат да се користат за проверување на здравствената состојба на растенијата, ако пред внесувањето на растенијата по објектот, чија здравствена состојба ќе се проверува, не се заразени со растителни болести или штетници.

Карантинските објекти мораат да бидат уредени така што да оневозможуваат ширење на растителните болести и штетници од тој објект.

II. Карантински расадници, карантински парцели и карантински полиња

Член 3

Карантинските расадници, карантинските парцели и карантинските полиња мораат да имаат зона на просторна изолација.

Член 4

Широчината на зоната на просторната изолација околу објектот од член 3 на овој правилник мора да изнесува најмалку 100 метри. Ако во објектот се врши проверување на здравствената состојба на памук или други растенија од фамилијата Malvacea — широчината на зоната на просторната изолација мора да изнесува најмалку 5 km.

Во зоната на просторната изолација можат да се одгледуваат само оние видови растенија што не се главни или споредни домаќини на карантинските растителни болести или штетници што ги напаѓаат растенијата чија здравствена состојба се проверува во објектот.

Зоната на просторната изолација мора редовно да се прегледува за да се утврди присуството на карантинските растителни болести и штетници во време во кое тие можат најлесно да се уочат и за да се преземат мерки за нивно спречување и отстранување.

Член 5

Карантинските расадници, карантинските парцели, односно карантинските полиња мораат да бидат заградени со цврста ограда со височина од најмалку 2 метра, заради спречување влегување на неовластени лица и животни.

Покрај оградата од став 1 на овој член, од надворешната страна, на оддалеченост од еден до два метра, мора да постои ископ и земјен насип, што се одржуваат уредно.

Член 6

На почетокот на пристапниот пат за карантинскиот објект од член 3 на овој правилник мора да биде поставена табла со натпис: „ЗАБРАНЕТ ПРИСТАП — КАРАНТИНСКИ ОБЈЕКТ", а на главниот влез во заградениот простор на објектот — фирма, односно назив на организацијата на здружениот труд чиј е објектот.

Член 7

Заградениот простор на карантинскиот објект од член 3 на овој правилник мора да биде поделен во простор за подготовки, во кој се влегува низ главниот влез во заградениот простор, и простор за проверување на здравствената состојба на растенијата, во кој се влегува од просторот за подготовки.

Просторот за проверување на здравствената состојба на растенијата мора да биде со ограда одвоен од просторот за подготовки.

Член 8

Просторот за подготовки од член 7 на овој правилник мора да има простории за подготовка и сместување на семе и посадочен материјал, за сместување на орудија, алат и друг прибор, за санитарни потреби, за сместување на заштитна облека и обувки и за прирачна лабораторија со потребната опрема.

Ако во близината на карантинскиот објект не постои склад за пестициди, просторот за подготовки мора да има и просторија за прирачно сместување на пестициди и апарати за третирање на растенија.

Во просторот за подготовки мораат да постојат и јами за уништување на растенија и амбалажа, и бетонирана површина за перење и дезинфекција на орудија и машини.

Член 9

Пред влезот во просторот за проверување на здравствената состојба на растенијата од член 7 на овој правилник мора да постои прибор за чистење на обувки и плитка јама за дезинфекција на обувки.

Член 10

Ако на карантинскиот објект од член 3 на овој правилник се врши и наводнување, објектот мора да биде уреден така што со водата за наводнување да не можат да се пренесуваат карантински растителни болести или штетници.

Член 11

Површините на кои ќе се изгради карантинскиот објект од член 3 на овој правилник и околината на објектот — на оддалеченост од најмалку еден километар мораат претходно да бидат прегледани на присуство на растителни болести и штетници.

Ако на површините од став 1 на овој член се утврди присуство на карантински растителни болести или штетници, таквите болести, односно штетници мораат да се отстранат и за тоа се составува записник.

III. Карантински стакленици и карантински изолации

Член 12

Карантинските стакленици и карантинските изолации мораат да бидат така изградени и да имаат таква опрема што во целост да спречуваат влегување и излегување на инсекти.

Објектот од став 1 на овој член мора да има простор за подготовки и соодветен број одделенија, односно боксови со потребни водоводни и електрични инсталации. Просторот за подготовки мора да биде со преграда или со ѕид одвоен од боксовите. Одделенијата, односно боксовите мораат да бидат одвоени едни од други.

На влезот во објектот од став 1 на овој член мора да постои прибор за чистење на обувки и плитка јама за дезинфекција на обувки.

Член 13

Објектите од член 12 на овој правилник мораат да бидат изградени така што отпадните води да се испуштаат преку таложница, во која, по потреба, може да се врши дезинфекција.

Член 14

На објектот од член 12 на овој правилник мора да биде поставен натпис: „ЗАБРАНЕТ ПРИСТАП — КАРАНТИНСКИ ОБЈЕКТ" и фирма, односно назив на организацијата на здружениот труд чиј е објектот.

Член 15

Карантинскиот објект од член 12 на овој правилник мора да биде најмалку 100 метра оддалечен од другите површини на кои се одгледуваат видови на растенија што се главни или споредни домаќини на карантински растителни болести или штетници за оној вид растенија чија здравствена состојба се проверува во објектот.

Член 16

Ботаничките бавчи и арборетуми можат во самата бавча, односно арборетум да имаат карантински стакленици или карантински изолации за проверување на здравствената состојба на растенијата, ако тие стакленици, односно изолации ги исполнуваат условите предвидени со овој правилник.

Ботаничките бавчи и арборетуми можат да имаат и други карантински објекти за проверување

на здравствената состојба на растенијата надвор од бавчата односно арборетумот, ако тие објекти ги исполнуваат условите предвидени со овој правилник.

IV. Други одредби

Член 17

Проверувањето на здравствената состојба на растенијата во објектите од член 1 на овој правилник можат да го вршат само стручњаци за заштита на растенијата — ентомолози и фитопатолози.

Член 18

Во карантинскиот објект може да се проверува здравствената состојба само на оние видови растенија за кои објектот е наменет, односно за кои тој ги исполнува условите предвидени со овој правилник.

Член 19

Во просторот за проверување на здравствената состојба на растенијата во карантинскиот објект, не смее да се одгледуваат никакви други растенија нити смеат да се вршат работи што не спаѓаат во проверувањето на здравствената состојба на растенијата.

Член 20

Во просторот за проверување на здравствената состојба на растенијата можат да влегуваат само овластени лица.

Другите лица можат да влегуваат во просторот за проверување на здравствената состојба на растенијата само со претходно одобрение од раководителот на карантинскиот објект и под надзор на овластеното лице на објектот.

Член 21

Во карантинскиот објект мораат да се водат Книга за влегување во карантинскиот објект и за излегување од карантинскиот објект на растителни материјали — на образецот бр. 1 и Книга за проверување на здравствената состојба на растенијата и за мерките на заштитата на растенијата на карантинскиот објект — на образецот бр. 2.

Обрасците бр. 1 и бр. 2 од став 1 на овој член се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

V. Завршна одредба

Член 22

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

9-3031/1
20 октомври 1977 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот комитет
за земјоделство,
инж. **Бранко Турудија**, с. р.

Образец бр. 1

(назив на научната организација на здружениот труд)

КНИГА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ ВО КАРАНТИНСКИОТ ОБЈЕКТ И ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ ОД КАРАНТИНСКИОТ ОБЈЕКТ НА РАСТИТЕЛНИ МАТЕРИЈАЛИ

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
				Излегување од објектот					
		Влегување во објектот		Посеано, односно засадено			Излегување за други цели		
		Опис на мострите							
Реден број	Број и датум на решението од Сојузниот комитет за земјоделство за дозвола на увозот на растенијата без цертификат	вид растенија и поблиски ознаки	количество во kg или парчиња	датум	количество во kg или парчиња	ознака на етикетата за време на проверување	налог за издавање и датум	примач	количество во kg или парчиња

Образец бр. 2

(назив на научната организација на здружениот труд)

КНИГА ЗА ПРОВЕРУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА РАСТЕНИЈАТА И ЗА МЕРКИТЕ НА ЗАШТИТАТА НА РАСТЕНИЈАТА НА КАРАНТИНСКИОТ ОБЈЕКТ

1	2	3	4	5	6	7	8	9
				Податоци за проверување на растенијата				
Реден број	Ознака на етикетата за време на проверувањето на здравствената состојба на растенијата	Место на кое се врши проверување на здравствената состојба на растенијата во карантинскиот објект (парцела, бокс и сл.)	Назив на видот растенија и други ознаки	Датум на сеидбата, односно на почетокот на проверувањето	Датум на прегледот, фаза на развитокот на растенијата и наод на растителни болести или штетници (потпис на фитопатологот, ентомологот и други стручњаци на објектот)	Податоци за лабораториското испитување	Мерки за заштита на растенијата (третирање, уништување и др.)	Наод на контролата на надлежниот орган, датум, забелешки и потпис

710.

Врз основа на член 7 став 6 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОСЕВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕ, НА ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ШУМСКО СЕМЕ И НА ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ НА ПОВЕЌЕГОДИШНИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Задолжителниот здравствен преглед на земјоделски посеви за производство на семе (во натамошниот текст: посеви), како и на објекти за производство на шумско семе и на објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија (во натамошниот текст :објекти), се врши на начинот пропишан со одредбите од овој правилник заради утврдување на здравствената состојба на тие посеви односно објекти.

Под посеви, во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат посевите за производство на семе на жита, овошје и индустриски, крмни, градинарски, лековити, ароматични и украсни растенија.

Под објекти, во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат:

1) расадници, стакленици и пластеници за производство на овошен, лозов, шумски и украсен посадочен материјал;

2) матични засади на овошки, винова лоза и шумски дрвја;

3) други објекти во кои се произведуваат подници, садници, дивјачки, прпорци, ластунки, резници, калем-гранчиња, луковици, ризоми, кртоли и шумско семе.

Ако посевите или објектите се наоѓаат на повеќе просторно оддалечени места, секое такво место ќе се смета како посебен посев односно објект.

На задолжителен здравствен преглед подлежат и растенијата на растојание од 100 метри од посевот односно објектот.

Член 2

Производителот на земјоделско семе односно производителот на шумско семе или посадочен материјал ќе го извести надлежниот орган од член 7 став 5 на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја (во натамошниот текст: Законот), за организацијата на здружен труд овластена да врши задолжителен здравствен преглед, во рок од 30 дена од денот кога ја одбрал таа организација.

Член 3

Производителите на семе односно на посадочен материјал ќе ја запознаат организацијата на здружен труд овластена да врши задолжителен здравствен преглед на посеви, односно објект со здравствената состојба на посевите што биле на земјиштето на кое ќе се врши задолжителен здравствен преглед на посевите, односно со здравствената состојба на објектот на кој ќе се произведува шумско семе или посадочен материјал на повеќегодишни растенија.

Здравствената состојба на посевите, односно здравствената состојба на објектот се утврдува врз основа на податоци од Книгата за задолжителен здравствен преглед на земјоделски посеви за производство на семе, на објекти за производство на шумско семе и на објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија во 19—— година, која се води посебно за секој посев, односно објект на образецот бр. 1, што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 4

Задолжителниот здравствен преглед на посевите и на објектите се врши најмалку двапати во текот на годината, и тоа:

1) ако е во прашање производство на земјоделско или шумско семе, првиот преглед се врши во текот на вегетацијата, а вториот преглед пред собирањето на семето;

2) ако е во прашање производство на посадочен материјал првиот преглед се врши во текот на вегетацијата, а најдоцна до 31 јули тековната година, а вториот преглед пред пуштањето на посадочниот материјал во промет, а најдоцна до 1 ноември тековната година. По исклучок, задолжителниот здравствен преглед може да се врши и повеќе од двапати годишно ако е тоа потребно поради неповолните услови за производство на посадочен материјал или поради специфичноста на штетниците.

Ако првиот задолжителен здравствен преглед на посеви или објекти не е извршен во рокот определен во став 1 на овој член, семето што потекнува од тие посеви, односно посадочниот материјал што потекнува од тие објекти не може да се пушти во промет ниту да се користат за сопствено производство.

Задолжителниот здравствен преглед од став 1 на овој член се врши во присуство на производителот на семе, односно на посадочен материјал.

Член 5

Задолжителниот здравствен преглед што се однесува на карантински и економски штетни нематоди на родот Heterodera се врши еднаш во текот на годината, и тоа најдоцна на 30 дена пред почетокот на производството.

Член 6

По секој завршен задолжителен здравствен преглед се составува записник на образецот бр. 2 што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Организацијата на здружен труд овластена да врши задолжителен здравствен преглед на посеви, односно на објекти што го извршила задолжителниот здравствен преглед, утврдената здравствена состојба ја внесува и во Книгата која се води на образецот бр. 1.

Член 7

Записникот од член 6 на овој правилник се составува во три примероци, од коишто по еден примерок задржуваат лицето што го извршило задолжителниот здравствен преглед и производителот на семе односно на посадочен материјал, а еден се доставува до надлежниот орган од член 7 став 3 на Законот заради преземање или наредување на потребни мерки.

Член 8

Ќе се смета дека целиот посев, односно целиот објект е заразен ако на него се утврди присуство на карантинска растителна болест или штетник од член 3 став 5 на Законот во кој и да било процент, односно ако на него се утврди присуство на економски штетна растителна болест или штетник во процент поголем од дозволениот според Табелата за економски штетни растителни болести и штетници.

Табелата од став 1 на овој член е дадена на образецот бр. 3 што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Ако на посевот или на објектот се утврди присуство на економски штетна растителна болест или штетник во границите на дозволениот процент според табелата од став 1 на овој член, тој посев односно објект ќе се смета како здрав и семето што потекнува од тој посев односно посадочниот материјал што потекнува од тој објект може да се пушти во промет.

Член 9

Ако при задолжителниот здравствен преглед на растенија на растојание од 100 метри од посевот, односно од објектот се утврди постоење на карантиска растителна болест или штетник од член 3 став 5 на Законот во кој и да е процент, односно постоење на економски штетна растителна болест или штетник во процент поголем од дозволениот во табелата од член 8 став 1 на овој правилник, ќе се смета дека е заразен целиот посев односно објект само ако на тој посев односно објект се произведува семе или посадочен материјал од оној вид растенија што таа болест односно штетник може да го нападне или преку него може да се пренесе.

Член 10

Ако посевот односно објектот не се смета како заразен во смисла на одредбите на овој правилник, организацијата на здружен труд овластена да врши задолжителен здравствен преглед на посеви, односно на објекти издава уверение за здравствената состојба на посевите односно на објектот на образецот бр. 4, што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Здравствената состојба на земјоделските посеви за производство на семе се внесува во уверението за апробација на тие посеви.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат:

1) Правилникот за начинот на вршење стручна и здравствена контрола над производството на земјоделско семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/66 и 7/67);

2) Правилникот за начинот на вршење стручна контрола над производството на шумско семе и вршење здравствен преглед на шумските состојки за производство на шумско семе („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/67);

3) Правилникот за задолжителниот здравствен преглед на објектите за производство на посадочен материјал и за мерките за спречување и сузбивање на растителните болести и штетници на овие објекти („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/65).

4) Наредбата за мерките за спречување и сузбивање на пламеницата кај тутунот („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/65);

5) Наредбата за мерките за спречување и сузбивање на ракот кај компирот („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/65);

6) Наредбата за мерките за спречување и сузбивање на памуковиот молец („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/65);

7) Наредбата за мерките за спречување на ширењето и за сузбивање на компировата нематода („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/69).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 9-3058/1
26 септември 1977 година
Белград

Заменик-претседател
на Сојузниот комитет за
земјоделство,
инж. **Бранко Турудија**, с. р.

Образец бр. 1

(формат: 350X240 cm)

КНИГА

за задолжителен здравствен преглед на земјоделски посеви за производство на семе, на објекти за производство на шумско семе и на објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија во 19..... година

Реден број	Датум на прегледот	Вид и количество на прегледаното семе или посадочен материјал	Утврдени растителни болести и штетници од член 8 на Правилникот за начинот на вршење задолжителен здравствен преглед на земјоделски посеви за производство на семе, на објекти за производство на шумско семе и на објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија	Вид и количество на семе или на посадачен материјал на кои е утврдена растителна болест или штетник	Препорачани мерки од страна на надлежниот орган	Количество на дозволено семе или посадочен материјал за пуштање во промет	Забелешка
1	2	3	4	5	6	7	8

Образец бр. 2

ЗАПИСНИК

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОСЕВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕ, НА ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ШУМСКО СЕМЕ И НА ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ НА ПОВЕЌЕГОДИШНИ РАСТЕНИЈА

1. Фирма односно назив на производителот ———
2. Место ———
3. Претпосев (поранешен посев) ———
4. Посев или објект ———
5. Вид и вариетет ———
6. Сорта и категорија ———
7. Површина во ha ———
8. Присуство и јачина на нападот од растителни болести и штетници (од член 8 на Правилникот за начинот на вршење задолжителен здравствен преглед на земјоделски посеви за производство на семе, на објекти за производство на шумско семе и на објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија) ———
9. Препорачани мерки за заштита ———
10. Оцена на приносот на семето односно количество на посадочниот материјал ———
11. Забелешка ———

——— 19—— година
(место и датум)

——— (потпис на производителот) ——— (потпис на овластеното лице)

Образец бр. 3

ТАБЕЛА

ЗА ЕКОНОМСКИ ШТЕТНИ РАСТИТЕЛНИ БОЛЕСТИ И ШТЕТНИЦИ

Реден број	Назив на болеста односно на штетникот	Дозволен процент на присуство на растителни болести односно штетници на посевот односно на објектот
1	2	3
I.	**На земјоделски посеви за производство на семе и на објекти за производство на шумско семе**	
1.	Acarinae на coja	20%
2.	Anguina tritici (Steinbuch)	0%
3.	Aphis fabe Scop.	5%
4.	Ascochyta pisi Librt	5%
5.	Balaninus spp.	5%
6.	Carpocapsa splendana Hb.	5%
7.	Cercospora beticola Sacc	20%
8.	Chlorotophila laricicola Karl	5%
9.	Colletotrichum lagenarium (Pass) Ell. et Hais	5%
10.	Colletotrichum lindemuthianum (Sacc, et Mogn) Bri. et Cav.	5%
11.	Contaniria medicaginis Kiefer	20%
12.	Corynospora melonis (Cooke) Lindau	0%
13.	Didymella lycopersici Kleb.	2%
14.	Dioryctria abietella Schiff	5%
15.	Ditylenchus dipsaci Kühn.	0%
16.	Ephestia elutella Hb.	0%
17.	Ernobius abietinus Gyll.	5%
18.	Eurygaster spp.	1 на m²
19.	Erysiphe graminis DC	20%
20.	Gastrodes abietum Berg	5%
21.	Helminthosporium turcicum Poss.	10%
22.	Helminthosporium carbonum Ullstrup	5%
23.	Heterodera schachti Schmidt	0%
24.	Kabatiella caulivora Karak	5%
25.	Laspeyresia strobilella L.	5%
26.	Megaselia rufipes Mg.	5%
27.	Megastigmus strobilobius Rtaz.	5%
28.	Megastigmus spermotrophus Wachtl.	0%
29.	Myzus persicae Sulzer	2%
30.	Peronospora manshurica (Naum) Syd. ex Granm.	5%
31.	Peronospora schachti Fuck	5%
32.	Peronospora schleideni Ung.	10%
33.	Peronospora tabacina Adam	20%
34.	Phoma medicaginis Malb. et Roum.	5%
35.	Pissodes validirestris Gyll.	5%
36.	Plasmopara halstedii (Fart) Berlese et de Toni	5%
37.	Plemeliella abietina Setn	5%
38.	Pleospora herbarum (Fr) Rabenh.	5%
39.	Pseudomonas lachrymans (Smith et Bayan) Carsner	5%
40.	Pseudomonas tomato (Ok) Alstatt	5%
41.	Puccinia graminis Pers.	20%

1	2	3
42.	Puccinia helianthi Schw.	15%
43.	Puccinia recondita Rob. ex Desm.	20%
44.	Puccinia triticina Erikss.	20%
45.	Reseliella picae Seitn	5%
46.	Sclerotinia oryzae Catt.	0%
47.	Sclerotinia trifoliorum Eriks	5%
48.	Septoria apii Chester	5%
49.	Septoria helinathi Ell. et Kell.	5%
50.	Septoria nodorum Berk.	20%
51.	Septoria tritici Rob.	20%
52.	Sorosporium reilianum (Kühn) Mc Alp.	3 промили
53.	Tilletia spp.	0%
54.	Ustilago maydis Tul.	5%
55.	Xanthomanos vesicatoria (Doidge) Dows.	5%

II. На објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија

1.	Anarsia lineatella Zell	5%
2.	Chermes spp.	0%
3	Coccomyces hiemalis Higg.	5%
4.	Coleophora laricella Hb.	0%
5.	Cryptorhynchus lapathi L.	0%
6.	Cryptodiaporthe (Dothichiza) populea (Sacc) Butin	10%
7.	Dreyfusia nuslini C.B.	0%
8.	Evetria spp.	5%
9.	Fomes annosus (Fr) Cooke	0%
10.	Heterodera schachti Schmidt	0%
11.	Hylobius abietis L.	5%
12.	Hyphantria cunea Drury	3%
13.	Ipidae spp.	0%
14.	Lecanium corni Bouche	0%
15.	Lophodermiun pinastri (Schrad) Chev.	10%
16.	Marssonina brunnea (Ell. et Ev) P. Magn.	10%
17.	Neodiprion sertifer Geoffr	10%
18.	Paranthrene (Sciapteron) tabaniformis Rott.	5%
19.	Phomopsis viticola Sacc.	5%
20.	Pissodes notatus F	0%
21.	Plasmopara viticola (B. et C) Berlese et de Toni	10%
22.	Podosphaera leucotricha (Ell. et Ev) Salm.	5%
23.	Rhabdocline pseudotsugae Syd	0%
24.	Saperda spp.	5%
25.	Uncinula necator Burril	5%
26.	Venturia inaequalis (Cooke) Aderh.	10%
27.	Venturia pyrina (Bref) Aderhold	10%

Образец бр. 4

УВЕРЕНИЕ бр. ——

ЗА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОСЕВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕ, НА ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ШУМСКО СЕМЕ И НА ОБЈЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПОСАДОЧЕН МАТЕРИЈАЛ НА ПОВЕКЕГОДИШНИ РАСТЕНИЈА

1. Фирма односно назив на производителот ————
2. Место ————
3. Посев или објект ————
4. Вид и вариетет ————
5. Сорта и категорија ————
6. Површина во ha ————
7. Оцена на приносот на семе односно количество на посадочниот материјал ————

Посевот односно објектот се смета како здрав врз основа на член 10 од Правилникот за начинот на вршење задолжителен здравствен преглед на земјоделски посеви за производство на семе, на објекти за производство на шумско семе и на објекти за производство на посадочен материјал на повеќегодишни растенија.

———— 19—— година
(место и датум)

М.П.

————
(потпис на овластеното лице)

711.

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за реваловризација на основните средства и на средствата за заедничка потрошувачка на корисниците на општествени средства (Службен лист на СФРЈ", бр. 32/75 и 60/75), директорот на Сојузниот завод за статистика донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КУМУЛАТИВНИОТ ИНДЕКС НА ЦЕНИТЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА ОПРЕМАТА И НА ГРАДЕЖНИТЕ ОБЈЕКТИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ 1976 ГОДИНА ДО 30 ЈУНИ 1977 ГОДИНА

1. Кумулативните индекси на цените на предметите на опремата и градежните објекти според групите во кои предметите на опремата и градежните објекти се распоредени со Одлуката за определување на групите на градежните објекти и опрема за кои Сојузниот завод за статистика ги утврдува индексите на цените за реваловризација („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/75), се утврдуваат за периодот од 1 јули 1976 година до 30 јуни 1977 година.

2. Кумулативните индекси на цените од точка 1 на ова решение се:

Ознака на групата на предметите на опремата и на градежните објекти	Назив на групата на предметите на опремата и на градежните објекти	Кумулативни индекси на цените
1	2	3
1.01.	Објекти на електростопанството, на водостопанството и на поштенскиот, телефонскиот и телеграфскиот сообраќај — — — — — — — — —	118
1.02.	Патишта, аеродроми и објекти на луки и пристаништа — — — — — —	119
1.03.	Објекти за вршење на железничкиот сообраќај и на другиот сообраќај на шини — — — — — — — — —	117
1.04.	Објекти на рудниците за јаглен, на рудниците за метали и на рудниците за неметали — — — — — — —	117

1	2	3
1.05.	Објекти за истражување, експлоатација, пренесување и сместување на нафта и гас — — — — — — — —	117
1.06.	Индустриски, градежни, занаетчиски, земјоделски, шумарски, сообраќајни, трговски, угостителски, туристички, комунални, управни, станбени и други згради од тврд материјал — армиран бетон, бетон, камен и тули — — —	116
1.07.	Индустриски, градежнички, занаетчиски, земјоделски, шумарски, угостителски, туристички, управни, станбени и други згради и други градежи од метални, дрвени и пластични материјали	116
2.01.	Електроенергетски, водостопански и рударски машини, уреди и постројки	112
2.02.	Машини, уреди и постројки за експлоатација и преработка на нафта и гас	115
2.03.	Машини, уреди и постројки на црната и обоената металургија и за производство на кокс — — — — — — —	115
2.04.	Машини, уреди и постројки во индустријата на неметали — — — — —	115
2.05.	Машини, уреди и постројки во металната индустрија, во електроиндустрија и во бродоградбата — — — —	110
2.06.	Машини, уреди и постројки во хемиската индустрија, во индустријата на гума и во индустријата на кожи и обувки — — — — — — — —	107
2.07.	Машини, уреди и постројки за производство на градежен материјал, огноотпорен материјал и азбестни производи — — — — — — — — —	108
2.08.	Машини, уреди и постројки во дрвната индустрија, во индустријата на целулоза и во индустријата на дрвесина и хартија — — — — — — — —	108
2.09.	Машини, уреди и постројки на текстилната индустрија и на индустријата на спортска опрема — — — —	101
2.10.	Машини, уреди и постројки во прехранбената индустрија и во индустријата на тутун — — — — — —	115
2.11.	Машини, уреди и постројки во графичката и во другата ненаведена индустрија — — — — — — — — —	109
2.12.	Машини, уреди и постројки во областа на земјоделството, шумарството и градежништвото — — — — — —	108
2.13.	Опрема што се користи за вршење на железничкиот сообраќај и другиот сообраќај на шини — — — — — —	115
2.14.	Опрема што се користи за вршење на друмскиот сообраќај — — — — —	108
2.15.	Опрема што се користи за вршење на поморскиот сообраќај и на сообраќајот на внатрешните води — — — —	106
2.16.	Опрема што се користи за вршење на ПТТ сообраќај, на радио и ТВ сообраќај — — — — — — — — —	122
2.17.	Опрема што се користи за вршење на воздушниот сообраќај — — — —	120
2.18.	Мерни и контролни апарати, инструменти и уреди и стандардни и специјални алати — — — — — — —	108
2.19.	Лабораториска опрема, школски учила медицински уреди, апарати и прибор и спортски реквизити — — — — —	107
2.20.	Електронски сметачи, пишувачки, сметачки и книговодствени машини, уреди и постројки — — — — — — —	107
2.21.	Мебел, како и машини, уреди и апарати за општи и посебни намени — —	108

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 710-5015/1
10 октомври 1977 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за статистика,
Ибрахим Латифиќ, с. р.

712.

Врз основа на чл. 22 и 32 став 1 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и на народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76), во согласност со Сојузниот извршен совет, дадена врз основа на согласноста од извршните совети на собранијата на републиките и од извршните совети на собранијата на автономните покраини, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ ЗА КУПУВАЊЕ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И НА КРЕДИТИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки за купување на хартии од вредност и на кредитите од примарната емисија („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/77), во точка 2 став 1 процентот: „8%" се заменува со процентот: „6%".

Во став 2 одредбата под 3 се менува и гласи:

„3) по стапка од 8% годишно на кредитите за одржување на дневната ликвидност."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 76
27 октомври 1977 година
Белград

Претседател на Советот
на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

713.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КОНДИТОРСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 17 септември 1977 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за кондиторските производи, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат своите затечени продажни цени да ги усогласат, односно зголемат во просек до 12%, заради преминување од производителски цени на цени во продажба на мало, според ценовниците што се составен дел на Спогодбата, а при условите на продажбата што се наведени во Спогодбата.

Цените формирани според одредбата на став 1 од оваа точка важат како цени во продажба на мало.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 2730 од 12 октомври 1977 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: 39 производители потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 30 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

714.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА
ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА РАЈОН

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 16 август 1977 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за рајон, со тоа што производителската организација на здружениот труд да може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, до 8,5%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите, што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 3137 од 20 октомври 1977 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот што е утврден во Спогодбата.

Претставник на производителот: „Вискоза" — Лозница.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 12 купувачи-потрошувачи потписници на спогодбата.

УКАЗИ

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ
ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА АЛЖИР И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА АЛЖИР

I

Се отповикува

д-р Душан Вејновиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Алжир.

II

Се назначува

Недељко Зориќ, советник на сојузниот секретар за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Алжир.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 29
30 септември 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ
ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ШРИ ЛАНКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ШРИ ЛАНКА

I

Се отповикува

Слободан Мартиновиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Шри Ланка.

II

Се назначува

Драги Трајановски, главен координатор според Спогодбата за проширување на трговијата и стопанската соработка помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Република Индија и Обединетата Арапска Република, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Шри Ланка.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 30
3 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО ТАЈЛАНД И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО ТАЈЛАНД

I

Се отповикува

Азем Зулфикари од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Тајланд.

II

Се назначува

Владимир Шестан, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Социјалистичка Република Бурманска Унија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Тајланд, со седиште во Рангун.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 31
4 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА НАРОДНА ЛИБИСКА АРАПСКА ЏАМАХИРИЈА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА НАРОДНА ЛИБИСКА АРАПСКА ЏАМАХИРИЈА

I

Се отповикува

Михаило Стевовиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Социјалистичка Народна Либиска Арапска Џамахирија.

II

Се назначува

Сафет Шерифовиќ, досегашен претседател на Градската конференција на Сојузот на комунистите на Сараево, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Социјалистичка Народна Либиска Арапска Џамахирија.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 32
4 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ТОГО И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ТОГО

I

Се отповикува

д-р Здравко Печар од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Тогo.

II

Се назначува

Ласло Бала, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Гана, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Тогo, со седиште во Акра.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 33
5 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ЦАРСТВОТО ИРАН И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ЦАРСТВОТО ИРАН

I

Се отповикува

Мухамед Хаџиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Царството Иран.

II

Се назначува

Ѓуро Нинчиќ, советник на сојузниот секретар за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Царството Иран.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У бр. 34
10 октомври 1977 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Врз основа на член 337 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателот на Републиката донесува

УКАЗ

